




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**

**11 - 17 август 2026 Билтен бр. 647**

## ДВЕ ГРАДИНКИ ОД КАРПОШ ЌЕ ДОБИЈАТ ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ

Советот на Општина Карпош заседаваше по 16-ти пат, во чии рамки беа разгледувани 13 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Во таа насока, советниците ја поддржаа Одлуката со која се дава согласност за кофинансирање на проектот „Карпош SustainableHousing Lab“ кој влијае на намалување на $CO_2$ емисиите и подобрување на комфорот на живеење. Станува збор за проект којшто е подготвен како резултат на отворениот јавен повик од страна на ГЕФ Програма за мали грантови, (оперативна фаза 8), имплементиран од страна на УНДП. Оттука, Програмата го следи принципот „размислувај глобално, дејствувај локално”, овластувајќи ги заедниците да придонесат за зачувување на биолошката разновидност, климатска акција, одржливо управување со земјиштето и намалување на загадувањето.

Според предвиденото, фотонапонските електроцентрали ќе бидат поставени во ЈУОДГ “Орце Николов” – објект Ѕвездички, Карпош 2, сомаксимална моќност до 13kWp и ЈУОДГ “Распеана Младост” – објект Виножито, Бардовци, со максимална моќност до 9kWp. За реализација на проектот се предвидени грант средства во вкупен износ од 3.300.000 (три милиони и триста илјади) денари, односно 60.000,00 (шеесет илјади) американски долари. Учество во кофинансирањето на проектот од страна на Општина Карпош е предвидено во износ од 350.000,00 (триста и педесет илјади) денари. Средствата за кофинансирање се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош, во рамките на Програмата Р1 – Заштита на животната средина, економска класификација 464990 – Други трансфери.




Со мнозинство гласови беше усвоен и Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош, за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1 јануари 2026 до 30 јуни 2026 година. Според образложението за вториот квартал за 2026 година, прикажаните планирани вкупни приходи за 2026 година изнесуваат 2.216.812.599 денари, додека пак реализиранитеприходи за вториот квартал изнесуваат 761.944.165 денари. Во Општинскиот Буџет се планирани приходите во висина од 1.377.715.599 денари, а е остварена реализација на приходите за вториот квартал во износ од 380.335.860 денари.

На иницијатива на градоначалникот Сотир Лукровски, како израз на меѓуопштинска солидарност и поддршка со Одлука на Советот, Општина Карпош ќе и додели хуманитарна финансиска помош на Општина Гостивар во висина од 150.000 денари, наменети за жителите на Гостивар кои беа погодени од загадувањето на водата за пиење.

Советниците го изгласаа Решението според кое Локалната самоуправа ќе формира Комисија за проценка и утврдување на штетата од природни непогоди и други несреќи. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“. Со стапување во сила на ова Решение престанува да важи Решението за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи бр. 09-7860/6 од 15.10.2022 година.

Со истата динамика Советот ја поддржа Одлуката за давање согласност за времено отстапување на користење училишен простор (училници) во општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“ на ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ Скопје. Според оваа Одлука, ООУ „Вера Циривири Трена“ ќе отстапи без надомест седум училници по пет работни дена во неделата (од понеделник до петок) во периодот од 15 до 20 часот, на име месечна закупнина, со цел реализирање на клонска настава на ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ за ученици во нижо музичко училиште. ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ пак, има обврска да го плати месечниот надомест на име трошок за потрошена електрична енергија, кој ќе биде утврден врз основ на сметката за електрична енергија.
Советниците дадоа „зелено светло“ и за Одлуката со која се дава согласност за свикување на Иницијативен одбор, за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Карпош. Првата седница на Иницијативниот одбор ја свикува, отвора и со неа раководи најстариот член од избраните членови во Иницијативниот одбор. Според Член 2 од Одлуката, Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивно локално собрание за млади во согласност со Статутот на општината, по принципот на транспарентност и јавност. Во Собранието на млади можат да членуваат младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување. Формите на организирање и здружување не мора да бидат регистрирани со седиште во општина Карпош, но мора да имаат активности на територијата на локалната самоуправа.

**Поддршка од Советот доби и Решението за именување на нов член во училишниот одбор на ООУ „Петар Поп Арсов“. Советниците постигнаа консензус и за двете Решенија за измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година, на општинските основни училишта „Владо тасевски“ и „Лазо Трповски“.**

**Со одлука на Советот беше прифатена донацијата од Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги, увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје. Станува збор за донација во висина од 570.000 денари кои ќе бидат наменети за санација на оштетениот покрив на ООУ „Владо Тасевски“ во населбата Козле. Советниците ја изгласаа и Одлуката за прифаќање на донација од Фондација др- Верица Механџиска. за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“. Вкупната вредност на донацијата изнесува 267.871 денар со вклучен ДДВ.**

## ЗАВРШЕНА ФАЗАТА НА ПОСТАВУВАЊЕ ЕНЕРГЕТСКО-ЕФИКАСНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО БАРДОВЦИ



**Во рамки на градежните активности што се реализираат во УЗ Бардовци, Општина Карпош ја заврши фазата на поставување на ново, енергетски ефикасно улично осветлување.**
**На новопроектираните улици „5“, „6“ и „7“ поставени се 38 нови енергетско-ефикасни светилки со можност од 35 вати, со што значително ќе се подобри осветлувањето во овој дел од Бардовци.**
**Дополнително, на улицата „1687“ поставени се уште 11 нови енергетско-ефикасни светилки, исто така со можност од 35 вати.**
**Новото осветлување ќе придонесе до подобра видливост на јавните ппвршини, поголема безбедност за граѓаните и поефикасно користење на електричната енергија, преку примена на современи и енергетски ефикасни решенија.**

**Општина Карпош продлжува со реализација на инфраструктурни проекти и инвестиции, со цел унапредување на комуналната инфраструктура и создавање подобри услови за живот во сите населени места на својата територија.**

## НОВА АТМОСФЕРСКА МРЕЖА НА УЛИЦА „ВОЛГОГРАДСКА“



**Општина Карпош започна со реализација на градени активности за поставување на нова атмосферска канализација на улицата „Волгоградска“ во населбата Карпош 4.**

**Предвидено е поставување на атмосферска мрежа во должина од 60 метри, со што ќе се унапреди системот за одведување на атмосферските води и ќе се подобри функционалноста на инфраструктурата во овој дел од населбата.**

**Активностите се реализираат со средства обезбедени во Буџетот на Општина Карпош, во рамки на инвестициите насочени кон подобрување и модернизација на комуналната инфраструктура.**

**Општина Карпош продолжува со реализација на проекти на својата територија, со цел создавање поквалитетни и пофункционални услови за живот на граѓаните.**

## РАБОТНА СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ПО ПОТЕКЛО ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА



**Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, денеска оствари работна средба со претставници на здруженијата на Македонците по потекло од Егејскиот дел на Македонија – „Вмбел Егеј“, „Свети Герман“ и „Загоричани“.**

**Во фокусот на средбата беа можностите за идна соработка и поддршка на активностите на здруженијата, со посебен акцент на негувањето и зачувувањето на македонската култура, традиција и историското наследство од родниот крај.**

**Корените се нашата трајна врска со минатото, а историјата и наследството се темелите врз кои ја градиме иднината и ги пренесуваме вредностите на идните генерации.**

**Остануваме отворени за соработка со здруженијата и за заедничко реализирање на активности кои ќе придонесат кон зачувување на наследството и негово пренесување на идните генерации.**

## КЕЈОТ НА ВАРДАР – МЕСТО ЗА СПОРТ И ДРУЖБА



**Градоначалникот Сотир Лукровски денеска изврши обиколка на спортско-рекреативниот центар на Кејот на Вардар, каде оствари средби со лицата кои управуваат со спортските содржини.**

**Посетени беа адреналинскиот парк, алпинистичката карпа, скејт-паркот и фудбалскиот терен, при што се разговараше за нивната состојба, потребите и можностите за понатамошно уредување.**
**Фокусот е ставен на реновирање, унапредување и модернизација на спортските терени и реквизити, со цел создавање на модерен спортски комплекс на отворено.**

**Место каде младите карпошани ќе се собираат, ќе се дружат, ќе спортуваат и рекреираат, исполнувајќи го слободното време со спорт и позитивна енергија.**

**Кејот на Вардар има потенцијал да стане вистинско спортско срце на Карпош– простор за сите генерации, а особено за младите.**

## УЧЕНИЦИТЕ ОД КАРПОШ СО КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА ВО ПРИРОДОНАУЧНИОТ МУЗЕЈ



**Општина Карпош воспоставува нова форма на соработка со Националната установа „Природонаучен музеј на Република Северна Македонија – Скопје“, со цел унапредување на образовниот процес и овозможување повеќе практична и интерактивна настава за учениците од основните училишта на територијата на Општината.**

**Во таа насока, градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, и директорот на установата, Ивица Заркадов, потпишаа договор за соработка со кој се предвидуваат континуирани едукативни активности во Природонаучниот музеј.**

**Согласно договорот, учениците од основните училишта во Карпош во текот на учебната 2026/2027 година ќе имаат можност за неограничен број посети на Музејот, со обезбедени групни влезници.**

**Дополнително, за учениците ќе се организираат тематски работилници, предавања, презентации и практична настава, реализирани од стручни лица и експерти од областа на природните науки.**

**Целта на оваа соработка е да се поттикне интересот кај учениците за природните науки и природното наследство, но и наставните содржини да се изучуваат на поинтересен, подинамичен и практичен начин.**
**Со оваа иницијатива, Општина Карпош продолжува да вложува во современо образование и создавање нови можности за учење и развој на најмладите.**

# ОФИЦИЈАЛНА ПРОГРАМА ЗА КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2026

